# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 6 јануари 2018*

## Исус Христос: мирис на христијанскиот живот

Нашето влијание – начинот на кој живееме и го водиме својот живот како христијански повереници во светот кој нѐ опкружува – може да биде позитивна или негативна сила која ќе дејствува на животите и одлуките на другите луѓе, како во сегашниот, така и за идниот живот (види 2. Коринќаните 2,15).

### Личното влијание

Библијата често се занимава со прашањето на личното влијание. Христијанската перспектива е добро подвлечена: „Според тоа, јадете ли, пиете ли, или ако правите нешто друго, правете сѐ за Божја слава! Не бидете им соблазан на Јудејците, ни на Грците, ни на Божјата црква, како што и јас им угодувам на сите во сѐ и не ја барам својата сопствена полза, но на многуте, за да се спасат" (1. Коринќаните 10,31-33). Советот на Павле до христијаните во Коринт важи и за нас денес. Сите ние сме дел од заедницата, и многу е важно нашето влијание, кое го вршиме врз останатите, да го претставува Христа. Пред себе мораме да имаме цел да им помагаме на другите луѓе да ја искусат заедницата со Христа, и да бидат спасени за Неговото вечно царство.

### Влијанието на родителите

За време на своето патување од Египет до Хананската земја, Мојсеј постојано ги потсетувал Израелците на важноста потполно да му бидат предани на Бога. Да се биде дел од оние луѓе со кои Бог склучил завет, е нешто што се огледа во доживотната преданост. Тоа не било нешто што е ограничено само на еден ден во текот на неделата, во текот на саботата. Ова е многу јасно нагласено во следните зборови: „Чуј, Израелу! Господ е наш Бог, Господ е Еден! Затоа љуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила! Овие зборови што денес ти ги заповедам, нека ти се врежат во срцето. Напомнувај им ги на своите си-

нови. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш“ (5. Мојсеева 6,4-7). Од Мојсеевите списи можеме да видиме дека Бог сака оваа порака да ја пренесуваме на своите деца, па дури и на идните генерации. По прашањето на религиозното образование, родителите се задолжени за водство и за духовниот правец на своите деца, вршејќи на тој начин влијание на нив, онака како што Господ тоа го правел. Тоа е вистинска христијанска повереничка служба.

**Влијанието е навистина важно**

Повикот да го прифатиме Исус како свој Спасител и Господ, е секојдневен вистински повик да го потчиниме секој аспект од својот живот на владеењето на Неговиот Дух. Ова нè потсетува дека, како христијани, ние не го живееме својот живот во вакуум или изолирани од другите луѓе. Она што го правиме, дури и приватно, може да влијае на нечија вечна судбина. Освен тоа, увидуваме како управители и Божји партнери, дека сме поставени овде на земјата да ја исполниме Неговата цел, а таа цел е во нашиот живот да ја одразуваме Неговата слава.

*Сабота, 13 јануари 2018*

## Христијанин во конкурентниот свет

Можеме ли да живееме како христијани во светот кој се натпреварува? Едноставниот одговор на ова прашање е „Да“. Како можеме да бидеме христијани во бизнисот, училиштето или општеството? Што е „христијански бизнисмен“? Или „христијански спортист“?

„Не знаете ли дека во тркалиштето трчаат сите тркачи, но само еден добива награда! Трчајте така и вие, за да ја добиете! Секој натпреварувач се воздржува од сè; тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив“ (1. Коринќаните 9,24-25).

Ако со своите очи управуваме само на земната награда или на победничкиот пиедестал, тоа значи дека ќе направиме сè за да го оствариме тоа. Не е погрешно „да се победи“ или „да се биде победник“, сè додека сме сигурни дека нашите срца и желби се во согласност со Божјата волја. Постои само еден пат кон ова – личниот однос со Христа. Кога трчаме за да ја примиме вечната награда, ние живееме и се натпреваруваме како христијани. Ако употребата на нашите таленти, даровите и најдобрата употреба на нашите способности е она што одредува дали можеме да се натпреваруваме или не, што е тоа што прави христијанинот да биде „натпреварувач“?

„Впрочем, браќа, сè што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е на добар глас - ако е некаква добродетел, ако е некаква пофалба - мислете на тоа! Она што го научивте, и примивте, и чувте, и видовте на мене - правете го тоа, и Бог на мирот ќе биде со вас“ (Филипјаните 4,8-9).

Да се биде вешт е само почетен квалитет за христијанскиот натпреварувач. Христијанскиот натпреварувач има за цел да биде како Исус Христос. Стиховите во посланието до Филипјаните ни зборува дека во практика го употребуваме сè она што чесно, вистинито и благородно, вистинско, чисто, љубезно, славно. Со други зборови, би требало нашиот живот да биде живот со интегритет. Како Божји следбеници, во потполност треба да се посветиме на она во што веруваме - „вашите зборови да се видат на дело“. Постигнуваме морална цврстина кога не ги загрозуваме своите убедувања во она што сакаме да го стекнеме и кога сме во состојба да ја задржиме „полнотата“ за тоа кои сме, без оглед на ситуацијата во која се наоѓаме. Тогаш можеме да се погледнеме во огледало и да кажеме дека сме горди на она што сме го направиле, како сме го направиле тоа, и што сме станале – без оглед на тоа што мислат другите. Тогаш можеме да имаме состанок со Бога, бидејќи навистина сме дозволиле „да биде волјата Негова“. На кого би се угледале, ако не на човекот кој имал мисија и никогаш не се откажал од неа - на Исус Христос, нашиот пример.

Можеби нашите колеги ќе добијат унапредување, а нашиот пријател подобро и поубаво свири клавир од нас. Не плашете се од тоа. Срцето и душата треба да ги посветиме на она што го правиме и секогаш да го ставаме Спасителот на прво место. Кога сме опкружени од другите чии вредности и убедувања се разликуваат од нашите, може да ни биде тешко да го ставиме Бога на прво место: „Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сè тоа ќе ви се додаде“ (Матеј 6,33). Сега трчајте! Трчајте за да ја добиете наградата која ќе трае засекогаш.

*Сабота, 20 јануари 2018*

## Да го почитуваме Бога и со нашиот имот

Управувањето со богатството многу верници на црквата го подразбираат како начин на мудро управување со материјалните добра, како што се парите, стоката или имотот. Мудрите изреки Соломонови велат: „Почитувај Го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход, и твоите житници ќе бидат преполни, и твоите каци ќе се прелеваат со ново вино“ (Мудри изреки 3,9.10). Клучна цел на претходната изјава е секогаш да го ставаме Бога на прво место кога размислуваме и правиме планови во врска со нашиот имот. Овој совет ни помага да го препознаеме Бога како Извор на нашите севкупни материјални добра и да Му бидеме благодарни, но исто така и да ги употребуваме за Неговата служба. Кога го почитуваме Бога на тој начин, ветувањето од Неговиот благослов се спушта над секое послушно Божјо дете – од преполнетите амбари „исполнети со мноштво стока, посатки или преси“, „кои се прелеваат од ново вино“.

**1. Води сметка за имотот:**

Откако бил создаден човекот, првата работа која Бог му ја дал во Едемската градина била „да работи“ и „да ја чува“ (1. Мојсеева 2,15). Описот на „работник“ и „чувар“ никогаш не се променил. Сè до денеска, од човекот се очекува да го слави Господа со својот

имот. Тоа е должност која вклучува грижа за имотот кој му припаѓа Нему, чувајќи го да не ја изгуби вредноста. Кога човек верно го почитува овој налог, со тоа му угодува на Бога и го прославува.

**2. Раст на нашето богатство:**

Во параболата за талантите (Матеј 25,14-30), Исус зборува за тројцата слуги кои примиле различни таланти од својот господар, пред да оди во далечната земја. Слугите требало да напредуваат и да го зголемат својот имот со она што го добиле. Токму тоа го направиле првите двајца слуги. Двојно ги зголемиле своите таланти и на тој начин, кога се вратил господарот, биле прогласени за „добри“ и „верни“. Третиот слуга го закопал оној еден талант што го добил од господарот, и истиот износ – без никаква добивка, му го предал кога господарот се вратил. Затоа господарот го нарекол слугата „лош“ и „мрзлив“ и наредил да го фрлат онаму каде што е темница, каде што има плач и чкрипење со забите. Поуката од оваа парабола е дека Господ се прославува со нашата вера преку употребата и напредокот на она што ни го дал.

**3. Користење на нашиот имот во согласност со Божјите цели:**

Користењето на имотот или добрата треба да ги направиме достапни за доброто на нашите семејства (1. Тимотеј 5,8), за сиромашните или за оние кои имаат потреба (5. Мојсеева 15,7), (Псалм 9,18), (Изреки 19,17), (Матеј 19,21), (Лука 6,20; 19,8) и за Божјото царство. Проповедањето на Евангелието насекаде во светот, врз основа на Исусовиот налог да ги научиме сите народи (Матеј 28,19.20), бара финансиска поддршка (1. Коринќаните 9,13.14) од оние кои Господ материјално ги благословил и ја имаат таа привилегија да соработуваат со Него, користејќи ги тие благослови за придобивање на души за небесното царство.

Се тврди дека личноста која дава од своите натрупани добра за благослов на своите семејства, сиромашните или за Божјото дело преку доброволни дарови, донации или договор за подарок или некој друг начин на дарување, исто така го почитува Господа со својот имот.

*Сабота, 27 јануари 2018*

## Немарна великодушност

Во нашиот свет сакаме да се натпреваруваме и да се мериме споредувајќи се себеси со другите. Ние не сакаме непроменливи стандарди. Ние секогаш тежнееме да најдеме некој кој е полош, полаком и пооддалечен од Божјиот идеал. Ние тоа го правиме во различни области на животот:

**Великодушност:** Можеме да кажеме „моето срце е великодушно, јас сакам да бидам великодушен, но сега немам многу пари. Сега сум малку стеснет со пари, но еден ден ќе имам доволно и тогаш ќе можам да им помагам на луѓето кои имаат потреба. Меѓутоа, за сега, секој денар што го имам, го трошам на себе.

**Служба:** Можеме да кажеме „Навистина сум во гужва и многу сум зафатен во моментов. Сакам да им служам на луѓето кои имаат потреба, но не можам да најдам ниту еден миг слободно време. Можеби, кога ќе имам повеќе време, ќе се посветам на грижата за другите“. Меѓутоа, изгледа, дека нашиот распоред никогаш не е доволно отворен. Така што многу работи не се вклопуваат во него.

Да допреме до луѓето надвор од нашиот познат круг: Можеме да кажеме „би сакал да запознаам некого кој има поинаква етничка заднина или култура. Навистина сакам да бидам дел од Божјиот план да ги отстрани ѕидовите што нѐ разделуваат, но тоа носи многубројни ризици, и јас едноставно не сум за тоа. Ќе чекам некој да дојде до мене, и тогаш ќе можам да се отворам и да одговорам на повикот“.

Меѓутоа, времето минува и ѕидовите сѐ повеќе и повеќе растат. Ние можеме да го мериме својот живот споредувајќи се со другите, но Бог не прави така. Тој воспоставил стандарди, кои се радикално поинакви од светот во кој живееме и кој постојано се менува. Тие стандарди се наоѓаат во Неговата Реч. Од Него бараме сила да напредуваме во својот живот во праведноста, почитување-

то и сочувството, и на тој начин да станеме дел од Божјото срце.

**Бог вели:** „Својот народ јас ќе го мерам само според еден стандард. Дали луѓето околу тебе се гладни? Нахрани ги. Дали се болни? Помогни им да оздрават? Дали се обесхрабрени? Бидете тука за нив. Дали се вдовици осамени и сиромашни? Посетете ги и помогнете им. Дали во вашата околина постојат необразовани деца? Поучувајте ги. Дали луѓето во вашата околина се отфрлени поради својата боја на кожата? Спријателете се со нив.“

Вдовицата од Сарепта го хранела пророкот Илија иако имала само малку брашно и масло во садот (1. Царевите 17,7-24). Во оваа приказна таа не се грижела за себе, туку била великодушна. Таа својата последна храна му ја дала на Илија.

Сите треба повремено да застанеме и да се преиспитаме дали во нашиот живот одразуваме таква великодушност. Можеби во својот шпајз имаме масло и брашно во изобилството, а можеби имаме и малку. Без оглед што поседуваме, секогаш можеме да научиме да живееме со великодушен дух. Еве неколку прашања кои понекогаш би требало да си ги поставиме себеси:

» Дали сум му верен на Бога во принесувањето на десетокот?

» Дали одговарам на потребите на сиромашните?

» Дали преземам чекори кои ќе доведат до ризик, но и кои ќе ја зајакнат мојата вера?

» Дали сум свесен за Божјото милостиво дејствување во својот живот и дали одговарам на Неговата љубов со благодарно срце?

Далас Вилард изјавува дека законот на царството е закон на инверзија, таму каде што последните стануваат први, а слугите добиваат најголема почест. Тоа може да се огледа во животот на сиромашната вдовица од Сарепта. Сиромашната незнабожечка вдовица е жена чија великодушност го одржала животот на пророкот Илија.

Кога би биле како оваа вдовица од библискиот извештај, што мислите, како би реагирале на барањето на Илија? Колку неверојатен пример за сите нас!

*Сабота, 3 февруари 2018*

## Божји управители на земјата

Кога Бог ги создал првите луѓе, им дал три одговорности кои се однесуваат на грижата за земјата (1. Мојсеева 1,28). Првата работа била – да ја наполнат земјата, втората била да ја покорат земјата, а третата работа била да имаат власт над останатите суштества. Адам е поставен во Едемската градина да ја обработува и да ја чува (1. Мојсеева 2,15).

Овие заповеди покажуваат дека Бог е заинтересиран за правилна нега и лечење на нашиот свет и неговите созданија.

### Прво правило

Обрнете внимание на тоа дека заповедта да се грижат за животната средина била дадена пред секоја друга заповед, како, на пример, во поглед на плаќањето десеток, давањето дарови, држењето на саботата или грижата за нашето здравје.

Заповедта „потчинува“ и „има власт“ имаат конотација на царство. Луѓето се поставени да владеат со светот. Орудијата коишто ни го овозможуваат тоа, се дел од Божјиот лик, кој ни е даден при создавањето. Божјиот лик има многу аспекти, меѓу кои се и таквите способности како што е осетот за она што е добро и она што е зло, способноста креативно да размислуваме, да планираме, да работиме соработувајќи во остварувањето на сложените цели. Овие особини ни овозможуваат да владееме со другите созданија и мудро да управуваме со животната средина.

### Владеењето и одговорноста

Паметното управување со животната средина често бара балансирање помеѓу компетентните интереси и одговорните приоритетни цели. Како добри владетели, мораме да ги земеме предвид потребите на сите кои ја користат животната средина, вклучувајќи ги и другите живи суштества. Изразите „покорување“ и „власт“ означуваат владеење и одговорност. Тие не дозволуваат

бруталност и злоупотреба. Луѓето треба да владеат со другите суштества со авторитет и сочувство, а тие претставуваат божествени атрибути. Ние, кои сме создадени според Божјиот лик, задолжени сме да управуваме со светот како владетели поставени од страна на Создателот. Ако дејствуваме како добри владетели, ќе примиме награда која е наменета за добрите повереници. Ако дејствуваме како лоши владетели, владеејќи со лакомост, заплашување и насилство, ќе ја примиме осудата што ја заслужуваат лошите повереници.

Нашата грижа за животната средина е мотивирана од сознанието дека Бог, кого го сакаме и му служиме, со намера го создал овој чудесен свет, со сета негова убавина и различности, кои Тој посебно ги цени. Ние создавањето го гледаме како благослов, а не како светиња. Го гледаме оштетен, но не и лош. Свесни сме дека присуството на гревот во светот значи дека мораме да ја користиме нашата проценка и суд да избереме меѓу алтернативите од кои ниедна не е идеална. Сепак, настојуваме да го намалиме страдањето меѓу сите тие созданија. Ние треба да ја сочуваме разноликоста, иако тоа може да ни предизвика непријатности. Го цениме едноставниот начин на живот кој ја намалува потрошувачката и отпадот. Ова не го правиме од страв или од лакомост за награда, туку од чувство на благодарност кон Создателот, кој нѐ создал според својот лик, и ни наложил да управуваме со светот онака како што Тој би управувал.

*Сабота, 10 февруари 2018*

**Што значи да се има Христов ум?**

Христовиот ум е нешто што сите верници го имаат, како што рекол апостол Павле кога им се обраќал на христијаните во Коринт, „Зашто: ’Кој го познава Господовиот ум, за да го поучи?’ А ние го имаме Христовиот ум“ (1. Коринќаните 2,16). Оние кои го

имаат Христовиот ум можат да ги разликуваат духовните работи, кои обичниот човек (или неверникот) не може да ги разбере ниту да ги види. Да се има Христов ум, значи да се биде под влијание на Светиот Дух, бидејќи и двете се постигнуваат преку верата во мигот кога го примаме спасението (Римјаните 5,1.2); (Дела апостолски 2,38).

Преку Светиот Дух, Бог прави да бидеме „учесници во Божествената природа" за да можеме да ги имаме сите работи кои се однесуваат на животот и побожноста. Претставете си го човековиот ум како компјутер, а Светиот Дух, како некој вид антивирус програма, која може да се инсталира на човечкиот хард диск. Кога програмата еднаш ќе се инсталира, таа дејствува на целокупниот компјутерски систем, спречувајќи ги штетните апликации и менувајќи ги со добри и функционални. Продолжувајќи ја оваа компјутерска аналогија, Христовиот ум ги преработува информациите на нашиот хард диск, за да можеме да се оспособиме да го разбереме или да се поврземе со самиот Бог. Тогаш почнуваме да добиваме нови желби и квалитети, како, на пример, понизност (Филипјаните 2,5), сочувство (Матеј 9,36) и други божествени карактеристики (Галатјаните 5,22.23). Тогаш добиваме нова намена која е во согласност со Неговата (Лука 19,10) и можеме јасно да ја видиме реалноста пред нас, дека овој свет е ограничен со времето, привремен а грешен, а дека сме создадени за еден поинаков свет – вечен (1. Јованово 2,15-17).

Христовиот ум е достапен само преку верата во Исуса Христа. Кога ќе го искусиме спасението, Светиот Дух се спушта на верникот, исполнувајќи го со разбирање и надеж во поглед на идното наследство. „Преку Кого и пристапивме со вера во оваа благодат, во која стоиме, и се фалиме во надежта на Божјата слава" (Римјаните 5,2).

На крај, да се има Христовиот ум, тоа не е нешто што е резервирано само за „совршените" луѓе. Секој верник има пристап до Христовиот ум преку верата. Меѓутоа, ние и понатаму го имаме нашиот стар ум, и гревот и понатаму нè мами. Можеме дури и да

бидеме заведени со лажни доктрини (Галатјаните 5,7-12), или да ја користиме својата слободна волја на нездрав начин (Галатјаните 5,13-15). Токму затоа, Павле ги предупредува верниците во Рим: „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!“ (Римјаните 12,2). Нашиот ум мора да биде обновен, одвоен од телесниот ум, а усогласен со Христовиот. На крајот, под влијанието на Светиот Дух, сите кои го имаат Христовиот ум, кои му припаѓаат на Бога, ќе бидат посветени, променети (2. Тимотеј 2,19); (Евреите 10,10). Овој процес се одвива во текот на целиот живот, и Бог е верен и моќен да го приведе кон крајот (Филипјаните 1,6).

*Сабота, 17 февруари 2018*

**Обновување на мислите**

Нашите мисли управуваат со нашиот живот. Во своите мисли, ние развиваме навики, и во нашиот ум се наоѓа желба да бидеме во заедница со Бога. Човештвото е вовлечено во борба околу умот, и поголемиот дел од таа борба се одвива во нашиот ум. (Римјаните 8,5-8). Поради гревот, нашиот ум има природна склоност кон злото. Влијанието на грешниот свет околу нас, дополнително го оштетува нашиот ум. Повторените дела развиваат физиолошки структури – патишта во нашиот ум. Овие невролошки патеки се навиките и спомените кои контролираат голем дел од нашиот живот. Ние тогаш се соочуваме со силата на гревот, земајќи ја предвид комбинацијата на нашата грешна природа и создадените навики. Дури и кога би можеле да развиваме потполно нови навики, ние немаме способност сами да се ослободиме од власта на гревот. Ние по природа сме робови на гревот (Римјаните 6,16).

Ние треба да се ослободиме од контролата на гревот. Нашата природа нема да биде трансформирана до Второто Христово доаѓање (1. Коринќаните 15,51-54). Меѓутоа, Исус го решил нашиот

проблем. Кога го прифаќаме како свој Спасител, Тој нè ослободува од доминантната сила на гревот (Римјаните 6,1-7.11). Ние имаме слобода да избереме нов Господар. Додека Христос ни дава нов живот, Тој не нè принудува на тоа. Сега да погледнеме некои чекори кои можеме да ги преземеме во соработка со Бога, за да уживаме во новиот живот:

**Чекор 1:** Во молитва да се соочиме со нашата грешна реалност. Човечките суштества по својата природа се противат и не ја признаваат својата грешност, и за себе сакаат да мислат дека не се толку лоши како некои други. Сè додека не ја прифатиме својата грешна состојба, нема да сакаме да го трансформираме срцето и обновениот живот.

**Чекор 2:** Благодарно да ја прифатиме својата реалност во Христа. Како христијани, сме ги признале своите гревови и сме го прифатиле Исуса како свој личен Спасител. Нам ни е простено, даден ни е нов живот (2. Коринќаните 5,17). Ја имаме сета неопходна сила да живееме со Бога (Филипјаните 4,13).

**Чекор 3:** Фокусирајте го својот ум на Христа и на духовните работи. Бог не го присилува нашето срце ниту умот. Мораме сами да го избереме она со што ќе го храниме нашиот ум. Бог нè повикува својот поглед да го сосредоточиме на Него (Колошаните 3,2; Евреите 12,1-3).

**Чекор 4:** Биди подготвен да живееш со Бога, иако не знаеш сè за Него. Од Библијата можеме доволно да го запознаеме Бога за да одиме со Него, меѓутоа, никогаш нема да можеме во потполност сè да разбереме во врска со Него. Тој е трансцедентално суштество, далеку над нашето сознание. Ако премногу се занимаваме со расчленување на Неговиот карактер и анализа на нашето знаење за Него, ризикуваме да ја прекинеме својата заедница со Него.

**Чекор 5:** Практикувајте молитва. Духовните дисциплини се орудија на ученииштвото за негување на заедницата со Бога. Со редовно проучување на Библијата, со молитва, ние нурнуваме во Писмото и нашиот ум го усогласуваме со Божјиот и со Неговата

реалност. На тој начин во нашиот ум се развиваат нови структури, нови невролошки врски, кои можат да бидат посилни од старите грешни навики.

**Чекор 6:** Имајте ја на ум Божјата сеприсутност во секој момент. Можеме да ги фокусираме своите мисли на оваа реалност во текот на денот, и полека да ја развиваме свеста за Неговото присуство. Кога сме свесни дека Исус е со нас, ние пружаме отпор на сѐ што би ја нарушило хармонијата на нашата заедница со Него.

**Чекор 7:** Спротивставете се активно на гревот. Христос нѐ ослободил од силата на гревот, кој нѐ контролира (Римјаните 6 глава), меѓутоа, тоа не значи дека не треба да се бориме. Нашата природа и понатаму е грешна. Непријателот и понатаму се вовлекува како лав и гледа кого да проголта (1. Петрово 5,8). Со Христова моќ, ние можеме да се спротивставиме и силата, која ја освоила Голгота, повторно ќе извојува победа. Ако се потчиниме на Бога, ќе имаме сила да се спротивставиме на гревот.

*Сабота, 24 февруари 2018*

## Да се благословуваат благословените

„Не е погрешно да се биде богат, погрешно е да се умре богат.“

Христијанството често било во заблуда за духовниот правец кој го овозможувал директниот пат за лично, материјално богатење, во замена за мало вложување на милост кон Семоќниот Бог. Од перспектива на бизнисот, ова е многу добра трансакција: моли се, читај, оди во црква, давај десеток, а за возврат од Бога ќе добиеш богатство, заштита, и на крај, вечен живот. Навистина е лесно да се помисли дека напредокот е директен резултат на послушност кон Бога, посебно ако ја читаме 5. Мојсеева 28 глава или некои од безбројните стории од Стариот завет, или Псалмите во кои Бог ветува благослови за „илјадници генерации“ на оние кои се верни. А, што би можеле да кажеме за Јов, кој изгубил сѐ, без оглед на својата верност?

Што е со многубројните христијани кои живееле во Средниот век и ги жртвувале своите животи поради верата во Бога? Што би можеле да кажеме за нас, кога се соочуваме со болести, банкрот, развод, депресија и отфрленост, иако веруваме во Бога? Дали Бог заборавил на нас? Ние сме слуги на великодушниот Бог чииштo ветувања во Библијата не пропаѓаат. Тој не ветувал изобилен живот на оние кои веруваат во него. Иако целата Земја е Негова, и иако би Му било лесно секого од нас да го направи богат, Неговата визија далеку го надминува нашето сфаќање. Тој секојдневно нè потсетува, дека иако сите богатства се Негови, ние сме само „дојденци и странци“ на оваа земја (3. Мојсеева 25,23). Кога Бог го дава богатството на оваа страна на вечноста, Тој им дава на луѓето кои се добри управители на Неговите дарови (1. Коринќ. 4,2). Верноста во малите работи, го квалификува човекот да биде верен во големите работи. Бог ќе им довери повеќе на оние кои своите дарови ги подложиле на идното Божјо царство (Матеј 25,21). Бидејќи Бог гледа многу повеќе отколку што ние можеме, и Тој нас целосно нè познава, Тој го благословува секого од нас со различни дарови кои се пропорционални со нашите можности и опкружување. Негова крајна цел е да нè благослови за да можеме да бидеме канали на Неговите благослови во светот.

Материјалниот просперитет е далеку од најголемите Божји благослови. Меѓутоа, Неговата великодушност се манифестира преку Неговата милост, проштавање и излевање на Неговиот Дух. Додека ги примаме Неговите духовни дарови, повикани сме да ги пренесуваме на оние околу нас. Стиховите наведени во Јован 15,12.13 нè потсетуваат дека самопожртвуваниот живот, живеењето на на благослов на другите, е најголем израз на љубовта – тоа е најголемиот Божји дар даден на луѓето.

Со читање на Писмото наидуваме на сфаќањето дека е поголем благослов да даваме отколку да примиме (Дела апостолски 20,35). Бог милостиво ни ги дарувал небесните богатства кои далеку ги надминуваат материјалните богатства. Додека некои се благословени со физичко богатство, Божјата изворна намера би-

ла да ги благослови своите деца со духовни богатства. Примарна цел на Евангелието, која ги надминува нашите природни, човечки очекувања, е дека Исус дошол кај нас, да ни го открие своето царство кое не е од овој свет. Кога еднаш ќе влеземе во оваа нова димензија, ние ќе се разбудиме во големото течение на благословите кои доаѓаат од великодушниот Бог. Нашиот живот ќе биде исполнет со благодарност, и на крај со великодушен живот, во кој Бог е на прво место, ближниот на второ, а ние на последното.

*Сабота, 3 март 2018*

## Втор десеток

Концептот на управување со добрата почнал во Едем, каде што Бог ја дефинирал одговорноста за човечките суштества со помош на еврејскиот збор „ radah" (1. Мојсеева 1,26-30). Овој збор, преведен како „господар" (според преводот на МПЦ) или „владеат" (според Грозданов), значи човекот да се грижи, да насочува, да управува. Во Новиот завет, грчкиот збор опишува слична одговорност, да насочи, да управува, или да биде задолжен за куќата на својот господар. Израелскиот систем на десеток и приноси кои Бог ги воспоставил, вклучувал три компоненти: прв десеток, втор десеток и приноси. Првиот десеток бил употребуван за одржување на левитите и со него управувале левитите. Вториот десеток служел да ги поддржи годишните празници, и бил под управа на еврејските семејства. Третиот дел – приносите, биле користени за прославување и поддршка на работата на Светилиштето.

Кога Израелците се собрале на Синајската гора за да примат инструкции во врска со граѓанските, социјалните, економските и верските прашања, за разлика од денешното време, не постоел систем на социјално осигурување. Уништувањето на храмот во Ерусалим од страна на римската царска војска, во текот на хри-

стијанската ера, влијаело на јудаистичката религиска пракса. Пред храмот да биде разурнат, еврејскиот народ првиот десеток го посветувал за поддршка на левитите (3. Мојсеева 27,30-34), (4. Мојсеева 18,19-28). Тие исто така давале и втор десеток за добротворни цели и за годишните празници во Ерусалим (5. Мојсеева 14,22-29). „Таквите закони се применувале во првите 6 години на седмогодишниот циклус, во текот на кој посевите биле садени...“ (Џофри Вигодер, Издавач, *Енциклопедија на Јудаизмот*, стр. 707). Среде римското влијание разни закони повеќе не биле применувани, посебно, по уништувањето на вториот храм. Вториот десеток покажувал дека великодушен прилог треба да им биде даден на оние што имаат помалку среќа. Целта на вториот десеток, кој се практикувал во Старозаветните времиња, е објаснета во делата на Елена Вајт.

„За да се поттикне народот да доаѓа на богослуженијата и да им се помогне на сиромасите, бил заведен уште еден десеток од целокупниот приход. Во врска со првиот десеток, Господ рекол: ’Еве, на Левиевите синови им ги давам во наследство сите десетоци во Израел за нивната служба - за службата што ја вршат во Шаторот на средбата’ (4. Мојсеева 18,21). Меѓутоа, за вториот десеток заповедал: ’А тогаш јади го десетокот од своето жито, од своето вино, од своето масло и од првината на својот крупен и ситен добиток во присуство на Господа, својот Бог, на местото што Тој ќе го избере за да го настани таму Своето Име; за да се научиш така да се боиш секогаш од Господа, твојот Бог’ (5. Мојсеева 14,23,29; 16,11-14). Тој десеток, или соодветната вредност во пари, народот требало секоја втора година да го носи во местото каде што се наоѓала светињата“ (*Патријарси и пророци*, стр. 530).

Вториот десеток бил благослов бидејќи го поттикнувал и негувал благородниот дух на добродетелство. Тоа бил принципот врз кој бил заснован системот на давање. Иако не постои библиска поддршка за втор десеток во Новиот завет, принципот на милосрдие може да биде, и треба да биде, усвоен и прилагоден на нашето време.

*Сабота, 10 март 2018*

## Управување со времето и прославување на Бога!

Начинот на кој го поминуваме времето може или да му донесе слава на Бога или да Го посрамоти. „Според тоа, јадете ли, пиете ли, или ако правите нешто друго, правете сè за Божја слава“ (1. Коринќаните 10,31). Оваа должност христијаните треба да ја исполнат, за нивниот живот и активности да бидат на слава на Бога. Брзиот одговор на овој предизвик е едноставен, како што вели Библијата, „правете сè за Божја слава“ Со други зборови, нашето дејствување би требало да биде прифатливо и чесно во Божјите очи. Во продолжение на овој текст, наведени се некои области во кои можеме да го прославуваме Бога со нашиот начин на користење на времето.

**Почитување на саботата:**

Во рамките дарованиот живот и времето како дар, Бог му укажал на човекот како да управува со деловите на тоа време. Во врска со саботата, Бог вели: „Помни го саботниот ден, за да го осветуваш. Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти“ (2. Мојсеева 20,8-10). Овде можеме да забележиме дека Бог му дал на човекот еден дар - времето, и упатства за тоа како да управува со деловите на тоа време.

**Сведочење:**

Друг начин на кој верникот може да го користи времето на Божја слава, е да се ангажира во сведочење за Исуса. Налогот, којшто Христос им го дал на своите ученици, има директна импликација на управување со времето. Исусовите следбеници се повикани да одат и да ги научат сите народи (Матеј 28,19). Ова е налог кој, за да се исполни, бара користење на времето.

**Служење на другите:**

Уште еден начин да му оддадеме слава на Бога, во поглед на нашето користење на времето, е да им служиме на другите за да го олесниме нивниот живот. Една од карактеристиките на оние кои ќе престојуваат во Божјото Царство, е дека тоа биле луѓе кои го користеле своето време профитабилно за доброто на другите. „И ќе ги постави овците од својата десна страна, а јарците од левата. Тогаш Царот ќе им рече на оние од десната страна: 'Дојдете, благословени од Мојот Татко, и примете го во наследство Царството, кое ви е приготвено од создавањето на светот! Зашто огладнев и Ми дадовте да јадам; ожеднев и Ме напоивте; бев странец и Ме примивте; бев гол и Ме облековте; бев болен и Ме посетивте; бев во темница и дојдовте при Мене'" (Матеј 25,33-36). Всушност, ќе забележите, дека стиховите најпрво изнесувааат како овие „кандидати за рајот" ги употребувале своите материјални добра, а потоа и како го користеле своето време.

**Духовен раст:**

Од моја страна би било немарно кога би го изоставил фактот дека верниците треба да го користат дарот на времето за да бидат вклучени во духовните дисциплини кои го помагаат духовниот раст. Таквите дисциплини го опфаќаат проучувањето на Библијата, молитвата, постот и христијанската служба. Духовниот раст се одвива во времето поминато во проучување на Библијата и молитва.

*Сабота, 17 март 2018*

## 7 принципи за верност во финансиите

Христијаните можат да пронајдат пат до верноста во финансиите, врз темелот на основните библиски принципи. Во оваа студија ќе забележиме принципи, ќе прочитаме референци и ќе дискутираме за нивното применување во секојдневниот живот. Вие ќе напредувате во својата финансиска повереничка служба ако:

**Го препознаете Бога како сопственик на сè што имаме и што нè опкружува**

Врз основа на создавањето и искупувањето, Бог е сопственик, а ние сме Негови повереници – управители. Ние ништо не донесуваме на свет, и ништо не можеме ни да однесеме од него. Ние едноставно управуваме со она што Бог ни го поверил, како доказ на нашата љубов и верност кон Него (Матеј 25,14); (1. Коринќаните 4,1.2).

**Сфатете дека Божјата мудрост донесува благослови**

Бог пред себе ја има големата слика од почеток до крај. Тој знае сè, и нам ни го посакува најдоброто. Со Неговата мудрост и застапување можеме да управуваме со нашиот живот во рамките на Неговата волја и да примиме благослови. Ако се потпираме само на своите управувачки вештини и способности, ќе доживееме загуби и разочарувања (Матеј 6,19-21).

**Сетете се дека нашата цел во животот е да го прославуваме Бога**

Бог ни вели дека светот ќе биде уништен. Знаејќи го тоа, ако сме мудри, ќе го чуваме своето богатство на небото и ќе живееме на слава на Бога. Ќе се радуваме кога ќе ги слушнеме зборовите: „Тогаш неговиот господар му рече: ‘Добро, сакан и верен слуго! Си бил верен во малку, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!’“ (Матеј 25,21).

**Разберете дека, кога го имате она што ви е потребно во времето кога вам ви е потребно - тоа е просперитет**

Бог не ветил светски стандард на богатство ако Го следиме. Некои од нас ќе имаат големи жртви. Меѓутоа, за сите нас има доволно работа – да им помагаме на другите, како и сами да останеме на Неговиот пат. Бог ветил дека ќе се погрижи за нашите потреби, дека ќе оди со нас и дека ќе ни даде совршен мир.

**Разберете дека задолжувањето е лошо**

Во многу места во нашиот свет денес, луѓето доживуваат „ропство и окови“. Многу луѓе станале робови на своите финансиски

долгови. Многу е важно да живееме во рамките на своите средства, и на тој начин да можеме да ја одржиме Божјата мисија на љубов и да ја делиме со другите кога се во неволја.

**Да признаеме дека десетокот е најмало сведоштво на нашата христијанска посветеност**

Во поглед на десетокот, Бог не се повикува на нашата благодарност, ни великодушност. Враќањето на десетокот е работа на едноставно почитување. За модерниот христијанин, десетокот претставува она што за Адам и Ева било дрвото на спознание на она што е добро и лошо – тест на верноста и довербата во Бога. На Бога не му се потребни пари, туку за наш благослов!

**Сите мораме да дадеме сметка пред Бога за нашата повереничка служба**

Начинот на кој го користиме она што Бог ни го доверил, е најдобар показател на состојбата на нашето срце. Еден ден ќе стоиме пред Бога на судот. Ајде својот живот да го живееме имајќи ги на ум овие принципи.

*Сабота, 24 март 2018*

## Каков е божествениот поглед на задоволството? Дали тој е против задоволството?

Некои луѓе гледаат на Божјите заповеди во Библијата како начин на живот кој се противи на задоволството. Меѓутоа, Бог го создал човекот и му дава можност да ужива во животот и во своите задоволства. Тој не се противи на задоволството. Тој се противи на грешењето за да се искуси задоволството.

На пример, Бог создал широка палета на храна за човекот да ужива во неа. Сепак, личноста која јаде премногу нездрава храна, таа желба за задоволство при претерано консумирање на храната, може да ѝ донесе негативни последици врз здравјето. Истиот принцип важи во многу области на животот. Бог создал многу

работи во кои можеме да уживаме и да имаме полза, но неограниченото користење на овие позитивни работи може да предизвика голема штета.

Апостол Павле зборувал за две области кои се однесуваат на оваа тема: „Сè ми е дозволено, но не е сè полезно. Сè ми е дозволено, но не сакам нешто да завладее над мене. Храната е за стомакот, а стомакот за храната; Бог ќе ги уништи и едното и другото. А телото не е за блудство, туку за Господа, и Господ за телото“ (1. Коринќаните 6,12.13). Храната и телесната интимност можат да бидат подеднакво корисни или грешни. Бог дал во наша полза библиски принципи кои се однесуваат на овие работи. Тој не вели во потполност да избегнуваме одредена храна или телесна интимност, туку да уживаме во предностите и задоволството, во рамките на принципите на Неговото учење. За интимноста, на пример, Павле продолжува во 1. Коринќаните 7 глава, учејќи дека треба да биде во рамките на бракот меѓу мажот и жената.

Апостолот Петар зборувал за конкретни граници: „И така, бидејќи Христос пострада во телото за нас, вооружете се и вие со истата мисла - зашто кој пострадал во тело прекинал од гревот, та останатото време на животот, во телото, да не го поминете според човечките страсти, туку според Божјата волја. Зашто доста е што во минатото време ја вршевте волјата на народите со тоа што живеевте во разврати, во страсти, во пијанства, во гозби, во опијанувања и во беззаконско идолопоклонство“ (1. Петрово 4,1-3). Овие области на грешен живот треба да бидат отфрлени, за да можеме да живееме за Бога, и да го правиме во животот она што е најдобро и што е според негова волја. Ваквиот став не е изнесен против уживањето, туку против гревот.

Големиот библиски пример за овој принцип може да се најде во параболата за изгубениот син (Лука 15,11-32). Тој го потрошил татковото наследство со својот себичен живот, фокусиран само на своите задоволства. Набргу сфатил дека таквиот начин на живот не му донело радост (види: стих 17). Наместо тоа, синот ја доживеал својата најголема радост кога се вратил кај својот татко

во понизност, а наишол и на прегратката на љубов. Исто така, Бог нуди многу поголема радост кога се враќаме кај Него, отколку што имаме додека одиме по својот сопствен пат.

На крајот на краиштата, ние сме создадени да го пронајдеме нашето најголемо задоволство и радост во Бога. Псалмистот вели „Сета твоја радост нека биде во Господа: Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце!" (Псалм 37,4). Кога одиме близу до Господа, наоѓаме најголемо задоволство, а не на некое мало. Бог не се противи на задоволството. Наместо тоа, Тој знае дека е најдобро за нас, она што можеме да го најдеме во својата потполна посветеност Нему.

*Сабота, 31 март 2018*

**Христовото ветување за изобилен живот**

Во Новиот завет, во Евангелието според Јован пишува: „Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно" (Јован 10,10).

Пред да погледнеме што значи тоа, да видиме најпрво што не значи. Кога размислуваме за изобилството или напредокот, ние сме склони да мислиме на монетарно богатство, престиж или моќ на Земјата. Така е кога тоа се гледа од земна перспектива. Овие наведени работи можат да стојат како пречка во врската меѓу Бога и нас, така што Бог не смета дека се важни за меѓусебниот однос со човекот. Тој ни дава доволно за да можеме да уживаме во добра заедница со Него. Во првото послание до Коринќаните стојат следните мисли: „ Туку, Бог го избра она што е безумно пред светот, за да ги посрами мудрите; што е слабо пред светот, Бог го избра, за да ги посрами силните и што е неблагородно и што е презрено во светот - и она што се смета за ништо - Бог го избра, за да го уништи она што е нешто, за да не може ниедно тело да се пофали пред Бога" (1. Коринќаните 1,27-29). Ова не е нешто што ние би го избрале, меѓутоа, Бог го избрал, ако со нешто се фалиме „да се фалиме со Господа", а не со себеси или со своето богатство. Ова не значи дека христијаните треба да бидат сиромашни, без

углед, беспомошни. Тоа само значи дека тие работи не се значајни кога животот се гледа низ призмата на вечноста. Постојат богати, угледни, моќни христијани, меѓутоа, тие предности имаат за цел да бидат користени за Божја слава. Исус не зборувал за тоа, кога ни ветил изобилство во животот.

Откако опишавме што не опфаќа животот во изобилство, да разгледаме што сè опфаќа таквиот живот. Кога се потпираме на Христа, не мораме да се грижиме за материјалните добра (Матеј 6,25-32). „Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сè тоа ќе ви се додаде“ (Матеј 6,33). На друго место стои ветувањето: „А мојот Бог ќе ја исполни славно секоја ваша потреба, според Своето богатство - во Христа Исуса“ (Филипјаните 4,19). Ако се фокусираме на личната заедница со Бога, Тој ќе ги задоволи сите наши потреби.

Животот во изобилство е и вечниот живот. Исус го дефинирал вечниот живот кога рекол: „А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исуса Христа, Кого си Го испратил“ (Јован 17,3). Кога го посматраме вечниот живот од земна перспектива, ние го посматраме само фактот дека тој трае вечно. Меѓутоа, гледано од небесна перспектива, вечниот живот подразбира познавање на Бог Отецот и Исус, Неговиот Син.

На крајот, животот во изобилство е континуиран процес. „Не велам дека веќе го достигнав или дека веќе дојдов до совршенство - туку настојувам да го достигнам, зашто и мене Христос ме достигна“ (Филипјаните 3,12). Павле сфатил дека, иако имал изобилен живот, тој само „настојувал“ понатаму кон Исуса.

Кога го гледаме животот од небесна перспектива, и го прифаќаме во својот живот, ќе сфатиме дека животот во изобилство далеку ги надминува материјалните добра. Можеме, заедно со апостол Павле, да кажеме: „Знам да живеам и во скудност, знам и во изобилство, научен сум на сè и во сешто: да бидам сит и да гладувам; да сум во изобилство и во скудност. Сè можам преку Христа, Кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,12,13).

1/2018
За интерна употреба